Врз основа на член 17 од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните ("Службен весник на РМ" бр. 36/92 и 43/2000), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАСЦИТЕ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ОДЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕ И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ, ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОМЕНА НА АДРЕСАТА НА СТАНОТ НА ГРАЃАНИТЕ, ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА КНИГАТА ЗА ГОСТИ

Член 1

Во Правилникот за обрасците за пријавување и одјавување на живеалиште и престојувалиште, пријавување на промена на адресата на станот на граѓаните, за евиденција и за образецот на книгата за гости ("Службен весник на РМ" бр. 79/92), по членот 3 се додава нов член 3-а, кој гласи:

"Член 3-а

Евиденцијата на граѓаните кои го пријавиле заминувањето во странство подолго од три месеци, се води во вид на картотека, која се состои од поднесените пријави на граѓаните кои престојуваат во странство подолго од 3 месеци, како и од регистар за граѓаните кои престојуваат во странство подолго од три месеци и азбучник за граѓаните кои престојуваат во странство подолго од три месеци.

Регистарот се води на образецот број 2-а, а азбучникот се води на образецот број 2-б.

По враќањето во Република Македонија, пријавата од став 1 на овој член се вади од картотека и се поништува, а во регистарот и во азбучникот во делот за забелешка се забележува денот кога граѓанинот го пријавил враќањето како и малолетните деца кои се вратиле, доколку патувале со него".

Член 2

По членот 5, се додава нов член 5-а, кој гласи:

"Член 5-а

Пријавувањето на граѓаните кои престојуваат во странство, подолго од три месеци, се врши на образецот број 5".

Член 3

Во членот 6, зборовите: "1 до 4" се заменуваат со зборовите: " 1, 2, 2-а, 2-б, 3, 4, и 5".

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 231-31862/1<br>20 септември 2000 година<br>Скопје

Министер<br>за внатрешни работи,<br>**Доста Димовска**, с.р.

Образец број 2-а

## Регистар за граѓани кои престојуваат во странство подолго од три месеци

| Ред. бр. | Име и презиме | Единствен матичен број на граѓанинот | Датум на заминување во странство | Град или држава на престој во странство | Датум на враќање во Р. Македонија | Сериски број на пријава | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Образец број 2-б

Азбучник за граѓани кои престојуваат во странство подолго од три месеци

| Ред. број | Име и презиме | Регистерски број | Серијски број на пријава | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

| Ред. број | Име и презиме | Регистерски број | Сериски број на пријава | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Сер. број 000000003

Образец бр.5

Рег. бр. ____________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**ПРИЈАВА**

На граѓанин за престој во странство подолго од три месеци

**Идентификациони податоци за лицето**

1. Презиме, татково име и име : ____________________
2. Матичен број (ЕМБГ) /или датум на раѓање : |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|/|_|_|_|_|_|_|_|_|
3. Место на раѓање – нас. место :
   – општина : ____________________
   (за родени надвор од Р. Македонија) – држава : ____________________
4. Последна адреса на живеење : ____________________
5. Број на лична карта или патна исправа на РМ, и кој ги издал : ____________________

**Податоци за престој во странство**

1. Населено место : ____________________
2. Област/кантон : ____________________
3. Држава : ____________________
4. Адреса на живеење : ____________________
5. Датум на заминување (година) : ____________________
6. Малолетни деца, кои ќе престојуваат со Вас : ____________________

Датум на пријавување |_|_|_|_|_|_|_|_|_|

Место на пријавување ____________________

Потпис на овластено лице ____________________

Подносител ____________________

---

Сер. број 000000003

**ПОТВРДА**

Се потврдува дека ____________________ роден-а на ____________ година во ____________, на ден ____________ год., го пријавил-а заминувањето во странство подолго од 3 месеци во ____________.

Оваа потврда се издава поради евидентирање на лицата кои престојуваат надвор од територијата на Република Македонија подолго од три месеци.

**НАПОМЕНА: ЗАДОЛЖИТЕЛНО** чување на потврдата за нејзино пријавување на надлежните служби при враќање во живеалиштето во Република Македонија.

Место ____________

М.П.

Овластено лице: ____________